**Република Македонија**
**Министерство за локална самоуправа**

**Програма за одржлив локален развој**
**и децентрализација 2015 – 2020**

**АКЦИСКИ ПЛАН**
за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2015 – 2020,
за периодот 2018 – 2020

# I. ВОВЕД

## 1. Предговор

Акцискиот план на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија за 2015 – 2020[1] (во натамошниот текст: Програма) претставува чекор кон понатамошна операционализација на Програмата и на другите национални стратешки документи релевантни за поттикнување на одржливиот локален развој и децентрализацијата во Република Македонија. Тој чекор претставува разработка на стратешките одредници предвидени во наведените документи, во контекст на постојната состојба во Република Македонија, како и на европските и глобалните трендовите за постигнување на целите за одржлив развој.

Планот е сеопфатен оперативен документ кој содржи преглед на планираните активности на релевантните државни органи и организации поврзани со остварувањето на приоритетите и целите на Програмата и определбата на Република Македонија за продолжување на процесот на децентрализација, како инструмент за промовирање на локалниот/територијалниот развој.

Овој втор по ред Акциски план за реализација на Програмата се однесува на периодот 2018 – 2020 година. Првиот Акциски план за спроведување на Програмата се однесуваше на периодот 2015 – 2017 година.

[1] Програмата претставува основен документ на Владата за планирање на развојот на локалната самоуправа и децентрализацијата во земјата. Усвоена е во 2015 година, а ревидирана во 2018 година.

Еден од основните предизвици на овој Акциски план е дека тој не е замена за плановите на одделните сектори кои се опфатени со него, туку рамка за:

- интегрирање на одржливиот развој во планирањето на развојот на локално ниво и неговото управување, како основна клетка на развојот на државата.
- мобилизација, здружување и координација на сите чинители на национално и на локално ниво, околу темите кои можат да придонесат кон остварувањето на целите за одржлив развој на Обединетите нации.

## 2. Методолошка рамка

Акцискиот план е подготвен согласно методологија со која беше предвидено спроведување на транспарентен и партиципативен процес, со вклучување на сите релевантни институции и засегнати страни, важни за развојот на локалната самоуправа и децентрализацијата во Република Македонија. Во таа насока беше формирана Работна група за изготвување на Планот, со членови делегирани од 14 министерства и 14 други државни институции (секретаријати, агенции, дирекции, центри и сл.). Во работата на Работната група беа вклучени и претставници од граѓанскиот сектор, стопанските комори, планските региони и единиците на локалната самопуправа.

## 3. Опфат и структура

При утврдување на опфатот на Акцискиот план земени се предвид:

- политичката определба на Владата на Република Македонија за продолжување на процесот на децентрализацијата, преку промовирање на локалниот/територијалниот развој како значајна компонента на националната политика за одржлив развој,
- визијата на Европската Унија за новата развојна улога на локалните власти,
- потребата од подобрување на кохерентноста на политиките и институциите за одржлив развој, како една од целите на новата глобална Агенда за одржлив развој 2030, усвоена од светските лидери на Самитот на Обединетите нации во септември 2015 година,
- потребата за зајакнување на автономијата и отчетноста на локалните власти, како клучни чинители во процесите за одржлив локален/територијален развој.

При конципирање на структурата на Планот беше земена предвид поврзаноста на Акцискиот план со:

- главната цел и приоритетите на ревидираната Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 – 2020,
- целите на глобалната Агенда за одржлив развој 2030 на Обединетите нации.

## 4. Финансирање

Финансирањето и кофинансирањето на активностите утврдени во овој Акциски план ќе се врши преку средства од:

- Проектот „Поддршка за консолидација на системот на локална самоуправа за да се обезбеди инклузивно управување и раст“, финансиран со грант од Европската Унија, во вкупен износ од 2.352.940,83 ЕУР.
- Проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“, финансиран со средства од Буџетот на РМ и грант од УНДП во вкупна вредност од 181.726 USD.
- Проектот „Зајакнување на општинските совети“, финансиран со грант од Швајцарската агенција за развој и соработка, во вкупен износ од 4.000.000 CHF.
- Проектот „Одржлив и инклузивен балансиран регионален развој“, финансиран со грант од Швајцарската агенција за развој и соработка, во вкупен износ од 2.539.997 CHF, и со средства од Буџетот на Република Македонија.
- Проектот „Локална и регионална конкурентност (ПЛРК)“, финансиран со грант од Европската Унија, во износ од 18 милиони ЕУР и со средства од Буџетот на Република Македонија во износ од 3.200.000 ЕУР.
- Проектот „Подобрување на управувањето со заштитените подрачја“, финансиран со грантови од Европската Унија и УНДП, во вкупен износ од 4.300.000 ЕУР.
- Проектот „Подобрување на општинските услуги“ (МСИП), финансиран со заем од Светската банка во износ од 56.100.000 ЕУР.
- Втора фаза на Проектот „Подобрување на општинските услуги“ (МСИП), финансиран со заем од Светската банка во износ од 25.000.000 ЕУР и грант од Европската Унија за подобрување на инфраструктурата во руралните средини, во вкупен износ од 14.647.500 ЕУР.
- Проектот „Водовод и канализација на општините“, финансиран со заем од банката КФВ (KfW) во износ од 8.635.000 ЕУР и грант од истата банка во износ од 4.850.000 ЕУР.
- Проектот „Поддршка за развој на вештини и иновации“, финансиран со заем од Светската банка во износ од 17.700.000 ЕУР.
- Проектот „Домување на социјално ранливите групи 2007 – 2019“ во вкупна вредност 50.700.000 ЕУР (од кои 50 % заем од Банката за развој при Советот на Европа и 50 % средства од Буџетот на Република Македонија, со вклучена вредност на градежното земјиште).
- Други проекти финансирани од странски донатори, во чии рамки се спроведуваат активности поврзани со целите на Програмата.
- Буџетот на Република Македонија, алокации за програмите на Министерството за локална самоуправа за активности поврзани со децентрализацијата и рамномерниот регионален развој.

- Буџетот на Република Македонија, алокации за програмата на Бирото за регионален развој, за активности поврзани со рамномерниот регионален развој.
- Буџетските алокации од Буџетот на Република Македонија за развојните програми за политиките на другите министерства/агенции.
- Наменските средства од различни секторски и тематски фондови и финансиски инструменти на национално ниво.
- Други извори на финансирање.

## II. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2018 – 2020

### Приоритетна оска I:<br>Кохерентни политики и институции заради<br>остварување на целите за одржлив развој

| **Активност** | **1. Подготовка на сеопфатна Процена на постојната законска и институционална рамка за одржлив локален/територијален развој** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста ќе ја поддржи подготовката на сеопфатна Процена на постојното законодавство со кое се регулираат надлежностите на локалните власти, институциите на локално ниво, механизмите и алатките за инклузивно локално владеење, статусот и улогата на месните заедници во планирањето на одржливиот развој и обезбедувањето на локалните услуги. Врз основа на наодите од оценувањето, ќе се поддржи изготвувањето на соодветни законски измени. Оваа активност ќе го зголеми опсегот и ќе го подобри квалитетот на услугите што се даваат на локално ниво, како преку подобрување на политичката рамка така и преку практична работа со општините. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Подготвена Процена на постојната законска и институционална рамка за одржлив локален/територијален развој со препораки за консолидација на системот на локална самоуправа. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МФ, МИОА, МП, МТВ, МЖСПП, МЕ, МОН, МЗШВ, МК, МО, МЗ, МТСП, ССРД |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |

| | |
|---|---|
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП/Буџет на РМ |

| **Активност** | **2. Измени на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста поврзана со измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е во насока на зголемување на фискалниот капацитет на општините. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоени измени и дополнувања на Законот за финансирање на локалната самоуправа. |
| **Одговорна институција** | • МФ |
| **Вклучени институции** | • МЛС, ЗЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **3. Измени и дополнувања на Законот за рамномерен регионален развој** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со измените и дополнувањата на Законот за рамномерен регионален развој се очекува да се подобрат политиките за регионален развој, преку воведување на нови инструменти за подобрување на нивната ефикасност, во контекст на брзата глобализација и технолошките промени. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоени измени и дополнувања на Законот за рамномерен регионален развој. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МФ, МЗШВ, МЖСПП, МЕ, МОН, МК, ЦРПР, ССРД |
| **Временска рамка** | • 2019 |
| **Финансирање** | • СДЦ/Буџет на РМ |

| **Активност** | **4. Измена и дополнување на Законот за пожарникарство** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со измените и дополнување на Законот за пожарникарство ќе се додефинира материјата поврзана со формирањето, организацијата, функционирањето и финансирањето на територијалните противпожарни единици, општинските противпожарни сојузи и доброволните противпожарни друштва, што ќе го вклучи и начинот на утврдување и распределба на годишните дотации за финансирање на противпожарната заштита на локално ниво од Буџетот на РМ. Со тоа ќе се обезбеди воедначен пристап и подобрување на обемот и квалитетот на услугите кои ги обезбедуваат територијалните противпожарни единици. |

| | |
|---|---|
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоени измени и дополнувања на Законот за пожарникарство. |
| **Одговорна институција** | • МО |
| **Вклучени институции** | • ДЗС, МФ, МЛС, ЗЕЛС, ППСМ |
| **Временска рамка** | • 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **5. Измени и дополнување на Законот за заштита и спасување** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со оваа активност ќе се извршат измени и дополнување на Законот за заштита и спасување заради додефинирање на материјата поврзана со заедничко содејство на службите за прв одговор на локално ниво (Incident command system). Со тоа ќе се обезбеди одржлив развој на заштитата и спасувањето на локално ниво и подобрување на обемот и квалитет на услугите кои ги обезбедуваат општините. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоени измени и дополнувања на Законот за заштита и спасување. |
| **Одговорна институција** | • МО |
| **Вклучени институции** | • ДЗС, МЗ, МВР, МЛС, ЗЕЛС, ППСМ |
| **Временска рамка** | • 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **6. Усвојување на нов Закон за природата, нов Закон за управување со отпадот и нов Закон за индустриски емисии, заради усогласување со европските директиви за животната средина** |
|---|---|
| **Донесување** | • Во изминатите години Република Македонија има усвоено значителен број закони за животна средина, со цел да се подобри квалитетот на животната средина за граѓаните и да им се обезбеди висококвалитетно ниво на животот. Со активноста се иницира процесот за усвојување на три нови закони (Закон за природата, Закон за управување со отпадот и Закон за индустриски емисии) заради усогласување со најновите европски директиви. Со нив ќе се изврши и соодветно усогласување на надлежностите на општините. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоени нови закони усогласени со најновите европски директиви за животната средина. |
| **Одговорна институција** | • МЖСПП |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, ЦРПР |

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **7. Анализа на правната рамка со која се уредуваат надлежностите на единиците на локалната самоуправа за планирање, финансирање и поддршка на спортот** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Во рамките на активноста ќе се изврши анализа на: буџетите за спорт во општините во 2016 и 2017; критериумите за финансирање на спортот во општините; квантитативна и квалитативна анализа на спортисти и спортски клубови во општините, рационално, навремено и ефективно користење на средства од буџетите на ЕЛС и контрола за наменско користење на доделените средства. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Утврдена состојбата со видот, обемот, начинот на реализација и финансирањето на надлежностите на општините во областа на спортот и рекреацијата. |
| **Одговорна институција** | • АМС |
| **Вклучени институции** | • МЛС, МП, МТВ, ЗЕЛС, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **8. Анализа на правната рамка со која се уредуваат сопственоста, категоризацијата, користењето и одржувањето на објектите за спорт** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со оваа активност ќе се изготви анализа на правната рамка со која се уредува сопственоста на објектите за спорт, со попис ќе се утврдат состојбите во нив (сопственост, користење, одржување и цена на користење), ќе се изврши нивно категоризирање во општините и ќе се утврдат стандарди за нивно користење и безбедност. Ќе се направи диференцирање на условите за користење и ќе се утврди цена на користење на објектите за спорт во руралните и урбаните општини и ќе се утврдат приоритети во користење на училишните објекти за спорт. Врз основа на анализата ќе се подготват Законот за објекти за спорт и подзаконските акти за уредување на користењето, опремувањето, одржувањето и лиценцирањето на објектите за спорт. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоен Закон за објекти за спорт и донесени подзаконски акти за негова примена. |
| **Одговорна институција** | • МП/АМС |
| **Вклучени институции** | • МЛС, МТВ, ЕЛС, ЗЕЛС |

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **9. Анализа за функционалноста на општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата** |
| **Краток опис** | • Целта на активноста е да се изготви Анализа на функционалноста на општинските совети за безбедност во сообраќајот, со препораки за соодветно усогласување на законската рамка, со кои ќе се подобрат начинот на функционирање и финансирање и работата на советите на локално ниво. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Подобрена правната рамка за општинските совети за безбедност во сообраќајот. |
| **Одговорна институција** | • РСБСП |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РСБСП |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **10. Анализа на правната рамка со која се регулира работата на комисиите за односи меѓу заедниците** |
| **Краток опис** | • Обврската за формирање на комисиите за односи меѓу заедниците произлегува од Законот за локалната самоуправа, со кој е воспоставен овој механизам за консултација на различните етнички групи, во процесот на донесување на одлуките на локално ниво, во ЕЛС во кои најмалку 20 % од вкупниот број жители на општината се припадници на одредена етничка заедница. Со активноста ќе се направи анализа на правната рамка со која се уредуваат формирањето, надлежностите, организацијата и финансирањето на овие комисии, со препораки за нејзино усогласување. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Утврдена состојбата со формирањето, надлежностите, организацијата и финансирањето на комисиите за односи меѓу заедниците. |
| **Одговорна институција** | • ССРД |
| **Вклучени институции** | • МЛС, АОПЗ, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **11. Активности за продолжување на процесот на децентрализација во областа на културата** |

| | |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со оваа активност ќе се изврши евалуација на досегашниот процес на децентрализација во културата и ќе се предложат мерки за негово продолжување. Во тој процес ќе се изврши анализа на интересот и можностите на ЕЛС да преземат дел од националните установи во културата и ќе се направат неопходните законски измени за спроведување на постапката за трансфер на основачките права, недвижните ствари и вработените во установи кои ќе бидат пренесени на општините. Воедно ќе се обезбедат и другите услови за преземање на надлежностите од страна на општините. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Извршен трансфер на установи од областа на културата од државата на општините. |
| **Одговорна институција** | • МК |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, национални установи од областа на културата кои ќе бидат трансферирани на општините |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **12. Активности за продолжување на процесот на децентрализација во областа на спортот и рекреацијата** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со оваа активност ќе се спроведат активности за продолжување на процесот на децентрализација во областа на спортот преку пренесување на објектите за спорт од сопственост на РМ во сопственост ЕЛС. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Пренесена сопственоста на објекти за спорт сопственост на РМ на ЕЛС. |
| **Одговорна институција** | • АМС |
| **Вклучени институции** | • МП, МТВ |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **13. Подготовка на сеопфатна физибилити студија за нови и применливи инструменти за општински приходи** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Земјата се соочува со долгогодишен предизвик за подобрување на наплатата на даноците на локално ниво и зголемување на општинската база на приходи преку понатамошно диверзифицирање на општинските извори на финансирање и намалување на моменталната зависност на општината од трансферите од централната власт. Во рамките на активноста ќе се изготви физибилити студија за подобрување на |

| | |
|---|---|
| | постојните инструменти за општински приходи (даноци и такси) и можноста за воведување на нови. Со студијата ќе се презентираат потенцијалното влијание и придобивките за општините и граѓаните и ќе се предложат мерки за практична примена на препораките за воведување на нови инструменти за општински приходи. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Препораки за подобрување на постојните инструменти за општински приходи (даноци и такси) и можноста за воведување на нови. |
| **Одговорна институција** | • МФ |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| **Активности** | **14. Подготовка на Процена за моменталната состојба и можните начини за редефинирање на наменските и блок дотациите за општините** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Оваа акција вклучува подготовка на сеопфатна процена за состојбата и можните начини за редефинирање на методот и критериумите за наменските и блок дотациите за општините. Процената ќе послужи како основа за континуиран институционален дијалог со засегнатите министерства за финансиската одржливост на општинските јавни установи. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Препораки за редефинирање на наменските и блок дотациите за општините. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МФ, МОН, МТСП, МК, МВР, ЗЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 |
| **Финансирање** | • СБ |

| **Активност** | **15. Промовирање на општински обврзници за финансирање на приоритетни капитални инвестиции** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Капиталните инвестиции во ЕЛС сè уште се генерално поддржани од трансфери од централната влада или директно финансирани од субјекти од централната власт. Овој пристап ги одвраќа општините да ги извршуваат сопствените планови за капитални инвестиции. Со активноста ќе се промовираат општинските обврзници како инструмент за финансирање на приоритетни капитални инвестиции. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на капитални проекти финансирани преку општински обврзници. |

| | |
|---|---|
| **Одговорна институција** | • МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| **Активност** | **16. Воспоставување на функционален систем на евиденција и следење на обврските и начинот на располагање со јавните финансии на локално ниво** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со новиот Закон за пријавување и евидентирање на обврски се воспоставува електронски систем за евидентирање на преземените, а недоспеани обврски и на доспеаните, а неплатени обврски, со цел обезбедување и одржување на транспарентноста и отчетноста и зголемување на одговорноста при располагање со јавни средства. Законот, покрај органите на државната власт, ги опфаќа и ЕЛС, како и јавните установи и јавните претпријатија основани од ЕЛС. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставен систем за пријавување и евидентирање на обврски во сите ЕЛС. |
| **Одговорна институција** | • МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, јавните установи и јавните претпријатија основани од ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА |

| **Активност** | **17. Анализа на трошоците за службена употреба на јазиците во единиците на локалната самоуправа** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Во рамките на активноста ќе се подготви анализа за видот и обемот на трошоците на на ЕЛС на годишно ниво што се потребни за превод на јазиците на заедниците кои сочинуваат повеќе од 20 % од вкупниот број жители на општината. Препораките на анализите ќе се подготват како материјал за информирање на Владата. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Утврден видот и обемот на трошоците за службена употреба на јазиците во ЕЛС. |
| **Одговорна институција** | • ССРД |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| Активност | 18. Подобрување на хоризонталната и вертикалната комуникација и координација помеѓу различните политики и институции заради постигнување на целите за одржлив развој на локално ниво |
|---|---|
| **Краток опис** | • Програмата на Владата за одржлив локален развој и децентрализација 2015 – 2020 е основен рамковен документ на земјата за промовирање на кохерентни политики за одржлив локален/територијален развој, како важна компонента на националната политика за одржлив развој. Клучниот предизвик за нејзино спроведување е воспоставувањето на систем на хоризонтална и вертикална комуникација и координација помеѓу различни политики и институции во рамките на секторите и на различни нивоа на власта, со цел да се осигури дека тие се усогласени за да го поддржат постигнувањето на целите за одржлив развој на локално ниво. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставен механизам за хоризонтална и вертикална комуникација и координација како предуслов за интегрирано програмирање, планирање и следење на целите за одржлив развој. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МФ, МО, МЕ, МЖСПП, МЗШВ, МТСП, МТВ, МВР, МОН, МП, МК, МК – УЗКН, МЛС – БРР, АМС, АВРМ, АЕРМ, АППРМ, РСБСП, ДЗС, ДТИРЗ, СЕП, ССРД, ЦУК, ЈУЦСОО, ЈУЦОВ, ВРМ – Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, ВРМ – Кабинет на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија. |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| Активност | 19. Промовирање на интегриран пристап за планирање на одржливиот развој на локално ниво |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на активноста е да се демонстрираат механизми за интегрирано и инклузивно планирање на одржливиот развој, како пристап кој ги вклучува институциите и актерите на национално и локално ниво на власта и ја олеснува можноста за развој на заедницата. Активноста ќе ја поддржи подготовката на интегрирани планови за одржлив развој во група од 30 општини. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Подготовени интегрирани планови за одржлив развој од 30 општини. |

| | |
|---|---|
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МФ, МИОА, МП, МТВ, МЖСПП, МЕ, МОН, МЗШВ, МК, МО, МЗ, МТСП, АКН, ССРД, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **20. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за подобрување на капацитетите на центрите за развој на планските региони за планирање на одржливиот регионален развој** |
| **Краток опис** | • Во рамките на активноста ќе се обезбеди финансиска поддршка за центрите за развој на планските региони, за подготовка/спроведување на средни/големи инвестициски и промотивни проекти од регионално значење. Со тоа ќе се подобрат перформансите за подготовка/имплементација на проекти со регионална релевантност и за апсорпција на средства за инфраструктурен развој од ЕУ и од другите фондови. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на големи и иновативни проекти од регионално значење подготвени од центрите за развој на планските региони. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЦРПР |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • СДЦ/Буџет на РМ |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **21. Подигање на свеста за користењето на недвижното културно наследство како фактор за одржлив локален/територијален развој** |
| **Краток опис** | • Во рамките на активноста ќе бидат спроведени низа медиумски програми за културното наследство, ќе се издадат публикации од популарен карактер, ќе се спроведе едукација за имателите на културното наследство и ќе се реализираат активности за континуирано едуцирање на локалните власти за значењето и начинот на вклучување на културното наследство во програмите за одржлив локален/територијален развој. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на споменици, споменички целини и културни предели вклучени во итегрираните планови за одржлив локален развој донесени од општините. |
| **Одговорна институција** | • МК – УЗКН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **22. Обезбедување на финансиска поддршка за усвојување на интегрирани локални акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Основна цел на активноста е вклучување на ромското население во процесот на подготовка на интегрираните акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите во локалните заедници во кои живеат во поголем број. Целна група се општините во кои има поголема застапеност на ромско население. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоени интегрирани акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите во сите ЕЛС со поголема застапеност на ромско население. |
| **Одговорна институција** | • МЛС/ВРМ – Кабинет на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија. |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС (со поголема застапеност на ромско население) |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **23. Воспоставување на интегриран систем за следење на квалитетот на животот на локално ниво** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Република Македонија нема интегриран и национално применлив систем за мерење на задоволството на граѓаните за квалитетот на животот кој го обезбедуват ЕЛС. Активноста е насочена кон воспоставување на ваков систем, кој ќе го помогне одржливото планирање на развојот на секое населено место, преку кое ќе се посветува внимание на мобилноста и пристапноста, станбените параметри и воедначеното обезбедување на услугите. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставен интегриран систем за следење на квалитетот на животот во сите општини. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **24. Оценување на задоволството на граѓаните со локалните услуги преку годишни истражувања** |
| **Краток опис** | • Со активноста директно ќе се оценува перцепцијата на задоволството на граѓаните од локалните услуги, преку годишни истражувања кои ќе се користат за изготвување на годишни извештаи за задоволството на граѓаните. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Редовен увид во перцепциите на граѓаните за квалитетот на добиените локални услуги. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **25. Воспоставување на институционализирана е-платформа за одржлив локален/територијален развој** |
| **Краток опис** | • Во рамките на активноста ќе се создаде онлајн платформа (Content Management System – CMS) за размена на информации, споделување на знаења и систем за собирање на повратни информации, за различни типови на корисници. Таа ќе нуди можност за разговори и форуми и ќе може лесно да се адаптира и конфигурира, според потребите на корисникот. Платформата ќе нуди информации, извештаи, документи за политики, студии на случај и производи за знаење (презентации, прирачници и сл.). |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставена е-платформа за одржлив локален/територијален развој. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| | |
|---|---|
| **Активност** | **26. Зајакнување на општинските совети преку вмрежување, кодификација, институционализација и градење на одржливост** |

| | |
|---|---|
| **Краток опис** | • Оваа акција е наменета за поддршка на мрежата на членовите на општинските совети од различни општини, како начин за подобрување на хоризонталната комуникација и соработка и промовирање на формулирањето заеднички ставови за заедничките потреби и интереси, без оглед на нивната политичка и партиска припадност. Заедно, членовите на советот потоа можат да се залагаат за законски и практични промени потребни за поефикасно функционирање на општинските совети. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зајакнати капацитетите на мрежа на советници која ги пренесува ставовите на советниците до институциите на локално и национално ниво. |
| **Одговорна институција** | • МЛС/МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • СДЦ/УНДП |

| **Активност** | **27. Зајакнување на капацитетите на членовите на општинските совети за транспарентно и партиципативно донесување на одлуките** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на активноста е да се зголеми улогата на општинските совети преку зајакнување на капацитетите на членовите на општинскиот совет, за прашања потребни за извршувањето на нивните надлежности. Преку посебно дизајнирани обуки и спецификации на улоги во различни модули, советниците ќе се здобијат со знаење, поголема независност од политичките партии и поголемо влијание во локалната власт при решавање на локалните прашања воопшто. Ќе бидат спроведени обуки во 11 различни области поврзани со надлежностите на општинските совети, во вкупно 24 општини. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Усвоена од општинските совети во 24 општини по најмалку една иновативна мерка утврдена на транспарентен и партиципативен начин. |
| **Одговорна институција** | • МЛС/МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • СДЦ/УНДП |

| **Активност** | **28. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за општинските развојни проекти избрани низ консултативен процес** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Краток опис** | • Оваа активност треба да ги подобри транспарентноста и одговорноста на сите општински тела и да ги вклучи граѓаните во дефинирањето на приоритетите на локалниот буџет. Врз основа на овие консултативни процеси, ќе им се обезбедат грантови на општините за спроведување на приоритетни проекти за развој избрани од заедницата. Финансиската поддршка (грантови) ќе се користи како поттик за општините за мерливо подобрување на односите на советот како со граѓаните (застапеност и законодавство), така и со извршните општински тела (надзор). На 24 општини ќе им биде доделена финансиска поддршка (грантови) за спроведување на приоритетни инвестиции предложени од страна на граѓаните. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани општински развојни проекти избрани со учество на граѓаните во дефинирањето на приоритетите на локалниот буџет. |
| **Одговорна институција** | • МЛС/МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • СДЦ/УНДП |

| **Активност** | **29. Воспоставување на е-платформа на знаења за општинските советници, градоначалниците, општинските администрации и невладините организации** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на е-платформата е да служи како сеопфатна точка на знаење и ресурси за советниците, но и за другите структурно поврзани корисници (градоначалници, општински администрации). Платформата треба да биде дизајнирана да има конвенционални и иновативни функции, вклучувајќи ги и оние што ги олеснуваат вмрежувањето и дискусиите меѓу советниците. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Е-платформа за знаења и ресурси ставена на располагање на сите општински советници и за другите структурно поврзани корисници. |
| **Одговорна институција** | • МЛС/МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • СДЦ/УНДП |

| **Активност** | **30. Зајакнување на капацитетите на општините за спроведување на законодавството од областа на животната средина** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон спроведувањето на Програмата на Владата со која се поттикнуваат координацијата, соработката и комуникацијата помеѓу единиците на локалната самоуправа и Министерството за животна средина и просторно планирање, заради правилно и целосно спроведување на надлежностите во областа на животната средина од страна на општинската администрација. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на вработени во општинската администрација обучени за спроведување на надлежностите на општината во областа на животната средина. |
| **Одговорна институција** | • МЖСПП |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2021 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **31. Зајакнување на капацитетите на општинските финансиски службеници** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Преку активноста систематски ќе се обезбеди обука за општинските финансиски службеници, за ефикасна наплата на даноците, стабилен финансиски менаџмент и внатрешна финансиска контрола (за 120 општински службеници). Ќе биде дизајниран user-friendly Content Management System – CMS – CMS преку кој ќе се обезбеди онлајн пристап до прирачниците за обука и наставни материјали). |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на вработени во општинската администрација обучени за финансиско работење и фискални способности. |
| **Одговорна институција** | • МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ/УНДП |

| **Активност** | **32. Зајакнување на капацитетите на општинската и спортската администрација за планирање, комуникација, менаџирање и контрола на средствата за спорт и рекреација во општините** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Во рамките на активноста ќе се реализира обука во општините и во Градот Скопје за планирање, комуникација, менаџирање и контрола на средствата за спорт и рекреација и за примена на стекнатите знаења во секојдневното работење на општинската и спортската администрација. |

| | |
|---|---|
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на вработени во општинската администрација обучени за планирање, комуникација и контрола на средствата на ЕЛС за спорт и рекреација. |
| **Одговорна институција** | • АМС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, ФФОЦЗ |
| **е** | • 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **33. Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за користење на ИПА фондовите** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на активноста е да ги зајакне капацитетите на општинските администрации (информирање, обуки, менторство, вмрежување) за користење на ИПА фондовите, врз основа на претходна анализа на потребите на општините (Training needs assessment). |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на вработени во општините вклучени во проекти финансирани од ИПА фондовите. |
| **Одговорна институција** | • СЕП |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, ЦРПР, ЗЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **34. Зајакнување на капацитетите на општинските основни и средни училишта за користење на фондовите и програмите на Европската Унија** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на активноста е да ги зајакне капацитети на вработените во основните и средните училишта (информирање, обуки, менторство, вмрежување) за користење на фондовите и програмите на Европската Унија. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на основни и средни училишта вклучени во проекти финансирани од ИПА фондовите. |
| **Одговорна институција** | • СЕП |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, ЦРПР |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **35. Зајакнување на капацитетите на советите на општините, општинската** |
|---|---|

| | администрација и комисиите за односи меѓу заедниците |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на акцијата е да се зголеми улогата на комисиите за односи меѓу заедниците преку зајакнување на капацитетите на органите на општините, вработените во општинската администрација и членовите на комисиите за односи меѓу заедниците. Оваа активност вклучува дизајнирање на модули за обуки и техничка помош за изработка на деловник за работа на комисиите. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Одлуки на советите на општините во чие донесување се вклучени различните етнички групи на подрачјето на општините. |
| **Одговорна институција** | • ССРД |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **36. Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за рано предупредување за ризици од шумски пожари** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста има за цел да ја подобри состојбата со рано предупредување за ризици од шумски пожари преку користење на воспоставениот систем МКФФИС. Во рамките на активноста ќе се спроведе обука за користење на системот. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Општинска администрација во сите ЕЛС оспособена да го користи системот за рано предупредување за ризици од шумски пожари МКФФИС. |
| **Одговорна институција** | • ЦУК |
| **Вклучени институции** | • ДЗС, МВР, МЗШВ – УХМР, ЕЛС, ТППЕ, Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми – Македонски шуми – Скопје, јавни претпријатија и јавни установи основани од ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **37. Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за изработка на оперативни планови за одбрана од поплави и техничко-технолошки катастрофи** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста има за цел да се изработат општински оперативни планови за одбрана од поплави (процена, бази на податоци, критична инфраструктура, ресурси за одговор, предлог-мерки) од страна на сите ЕЛС, како и планови и мислења за техничко- |

| | |
|---|---|
| | технолошки катастрофи. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Општинска администрација во сите ЕЛС оспособена да изработи оперативни планови за одбрана од поплави и планови и мислења за техничко-технолошки катастрофи. |
| **Одговорна институција** | • ЦУК |
| **Вклучени институции** | • ДЗС, МЖСПП, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **38. Зајакнување на капацитетите на јавните општински установи за справување со ризици и опасности, преку организирање на вежбовни активности** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Единиците на локална самоуправа и РЦУК, на барање на јавните општински установи (градинки, училишта и др.), ќе организираат вежбовни активности за справување со ризиците и опасностите со кои можат да се соочат. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Јавни општински установи подготвени да се справат со ризиците и опасностите со кои можат да се соочат. |
| **Одговорна институција** | • ЦУК |
| **Вклучени институции** | • ДЗС, МОН, МТСП, МЗ, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **39. Зајакнување на капацитетите на општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и нивно активно дејствување** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со оваа активност ќе се поддржи формирањето на општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и нивно активно дејствување во ЕЛС. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Формирани и функционални општински совети за безбедност на сообраќајот. |
| **Одговорна институција** | • РСБСП |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РСБСП |

| **Активност** | **40. Подигнување на јавната свест за зголемување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста има за цел да ја подобри состојбата со зголемувањето на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија во институциите од јавниот сектор на локално ниво, преку организрање на кампањи за подигнување на јавната свест на граѓаните и на субјектите од јавниот сектор на локално ниво. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Организрани кампањи за енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија. |
| **Одговорна институција** | • АЕРМ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, јавни претпријатија и јавните установи основани од ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на АЕРМ |

| **Активност** | **41. Организирање на годишни конференции за прашања поврзани со децентрализацијата и одржливиот развој на локално ниво** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се поддржи организирањето на годишни конференции, на кои претставници на министерствата, универзитетите, единиците на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор ќе разговараат за актуелни теми поврзани со политиките на Владата кои се однесуваат на процесите за одржлив локален развој и децентрализацијата во Република Македонија и на глобално ниво. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Одржани конференции за актуелни теми поврзани со одржливиот локален развој и децентрализацијата. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| **Активност** | **42. Воспоставување на Платформа за граѓански дијалог** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Оваа активност ќе го поддржи развојот на специфична платформа за дијалог, наменета за интеракција со голем број засегнати страни, вклучувајќи го граѓанскиот сектор и граѓаните, за јавните институции и нивните очекувања за активностите на владата, како важни аспекти на социјалната кохезија и ефективните демократии. Клучниот предизвик е да обезбеди точна процена и да ги идентификува предизвиците за постигнување на целите за одржлив развој на локално ниво. |

| | |
|---|---|
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставена Платформа за интеракција со многу засегнати страни. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| **Активност** | **43. Активности за олеснување на објавувањето на отворените податоци од страна на единиците на локалната самоуправа** |
|---|---|
| **Краток опис** | Во рамките на Националната стратегија за отворени податоци и стандардите за метаподатоци постои можност за нивно користење и од локалните власти. Освен тоа, со тековната надградба на централниот портал за отворени податоци ЕЛС ќе може да објавуваат свои податочни сетови. Во рамките на оваа активност ќе биде ставена на располагање платформата и експертизата за објавување на отворени податоци од страна на ЕЛС и ќе спроведе промотивна кампања за зголемување на свеста за корисноста на отворените податоци. |
| **Очекуван/и резултат/и** | Зголемен број на ЕЛС кои објавуваат и ажурираат отворени податоци на централниот портал за отворени податоци администриран од МИОА. |
| **Одговорна институција** | МИОА |
| **Вклучени институции** | МЛС, ЗЕЛС, ЕЛС |
| **Временска рамка** | 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | Буџет на РМ/Британска амбасада – Скопје |

## Приоритетна оска II:
## Раст заснован врз знаење преку зајакнување на локалната конкурентност и иновативност

| **Активност** | **44. Обезбедување на ИТ решенија за административни процедури и процеси за единиците на локална самоуправа** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Во 2015 година подготвена е анализа на достапните и потребните општински е-услуги, која е основа за дефинирање на мерките во рамките на оваа активност. Врз констатираните потреби ќе се разработат специфични пакети, приспособливи на |

| | |
|---|---|
| | потребите и капацитетите на корисниците, кои ќе вклучат решенија за подобрување на ефикасноста за општинските администрации (мониторинг на хоризонталните програми; систем за управување со документи; дигитализирани услуги за канцеларијата на градоначалникот итн.). Софтверот ќе биде ставен на располагање на сите општини и ќе биде во сопственост на МЛС, откако проектот ќе заврши. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Изготвени специфични пакети за транспарентно, ефикасно и економично обезбедување на општинските услуги преку користење на ИКТ за сите ЕЛС. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МИОА, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| **Активност** | **45. Поддршка за изработка на веб-страници за општините коишто немаат веб-страници** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со цел да се воспостави механизам за информирање на жителите во општините коишто немаат веб-страници, во рамките на активноста ќе се изработат веб-страници за општините Петровец, Брвеница, Старо Нагоричане, Дојран, Карбинци и Валандово. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Функционални веб-страници на шест општини. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МИОА, општините Петровец, Брвеница, Старо Нагоричане, Дојран, Карбинци и Валандово |
| **Временска рамка** | • 2017 – 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ/УНДП |

| **Активност** | **46. Процена на капацитетите на ЕЛС за воспоставување на општински центри за услуги со едношалтерски систем** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се поддржи изготвување на анализа на постојната просторна, техничка и административна инфраструктура, со нацрт-концепт за отворање на унифицирани функционални центри за услуги, каде што граѓаните ќе можат брзо и со највисок квалитет да ги добијат сите административни услуги. Анализата ќе обезбеди оцена за моменталната состојба на услугите обезбедени од центрите за услуги во сите 81 локална самоуправа и ќе се препорачаат следните чекори. Анализата ќе овозможи и |

| | |
|---|---|
| | да се направи план за отворање на унифицирани, функционални центри за брзи, поевтини и квалитетни услуги за граѓаните. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Изготвена процена за состојбата со обезбедување на услугите од центрите за услуги во сите ЕЛС. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • МИОС, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2017 – 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ/УНДП |

| **Активност** | **47. Воспоставување на информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај правните лица од јавниот сектор** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста има за цел да ја подобри состојбата со прибирање и обработка на податоците и подготовка на извештаи и анализи од областа на енергетската ефикасност во јавниот сектор на локално ниво, преку воспоставување (ставен во функција) на информациски систем за таа намена. Во рамките на активноста ќе се организираат информативни и промотивни настани за промовирање на информацискиот систем. Воедно ќе се спроведуваат мерките за енергетска ефикасност според методологиите за мерење и верификација на заштедите на енергија. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставен функционален информатички систем за следење и управување со потрошувачката на енергија во јавниот сектор на локално ниво. |
| **Одговорна институција** | • АЕРМ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, јавни претпријатија и јавни установи основани од ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на АЕРМ |

| **Активност** | **48. Воспоставување на електронска регистрација на грбовите и знамињата на општините** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со Законот за локалната самоуправа е дадена можност општините да имаат свој грб и знаме. Министерството за локална самоуправа го води регистарот на грбовите и знамињата на општините во Република Македонија. Со активноста треба да се овозможи целосна автоматизација на процесот за регистрација на грбовите и знамињата преку употреба на ИКТ. |

| | |
|---|---|
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставена електронска регистрација на грбовите и знамињата на општините во РМ. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, ДЗИС |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **49. Воспоставување на соработка помеѓу центрите за развој на планските региони и Националната канцеларија за трансфер на технологии** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е фокусирана на воспоставувањето соработка помеѓу центрите за развој на планските региони и Националната канцеларија за трансфер на технологии, која го поврзува секторот за високо образование со индустријата и ги промовира иновативните истражувањата пред македонските компании. Националната канцеларија има регистар на експерти за разни индустриски области од земјава и регистар на достапни лаборатории и услуги на лобораториите. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Обезбедена поддршката и консултативни услуги за МСП на подрачјето на секој плански регион. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • МЛС, ЦРПР, НКТТ |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **50. Активности за поддршка и консултативни услуги за малите и средните претпријатија (МСП) во рамките на центрите за развој на планските региони** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста ќе се фокусирана на поддршката за МСП обезбедена во рамките на центрите за развој на планските региони, преку воспоставување на регионални бизнис-центри лоцирани во центрите за развој на планските региони и на веб-портал за инвестициските можности во реалниот сектор и преку јавно-приватно партнерство. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на МСП кои користат консултативни услуги за развој на бизнисот во рамките на центрите за развој на планските региони. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЦРПР |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |

| | |
|---|---|
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **51. Воспоставување на систем на менторски услуги за малите и средните претпријатија (МСП)** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Преку оваа активност ќе се обезбедат менторски услуги за МСП преку одредување на клучните точки за нивен развој и овозможување нивен одржлив развој, преку мрежата на Регионалните Центри за поддршка на претпријатијата (РЦПП) како идни ментори на регионално/локално ниво. Услугите ќе се даваат во планските региони со влијание врз развојот на локалните МСП. Преку давањето менторски услуги ќе се зголемат: нивото на знаења, вештини и одржливост на РЦПП и конкурентноста и одржливоста на МСП. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на МСП кои користат менторски услуги за развој на бизнисот. |
| **Одговорна институција** | • АППРМ |
| **Вклучени институции** | • Регионални центри за поддршка на МСП |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **52. Воспоставување на Инфо пулт за обезбедување на информативни услуги за малите и средни претпријатија (МСП) и потенцијалните претприемачи** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста треба да се зголеми информираноста на МСП и на потенцијалните претприемачи кои сакаат да се самовработат и да се обезбеди нивна советодавна и логистичка поддршка преку Инфо пулт за информативни услуги за МСП. Дистрибуцијата на релевантни и корисни информации за МСП и за потенцијалните претприемачи ќе придонесат за подобрување на нивната конкурентност. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставен Инфо пулт за полесен пристап до релевантни и корисни информации за МСП и за потенцијалните претприемачи. |
| **Одговорна институција** | • АППРМ |
| **Вклучени институции** | • Регионални центри за поддршка на МСП |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **53. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за приоритетни проекти во насока на социјално ориентирани услуги од единиците на локалната** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| | **самоуправа** |
| **Краток опис** | • Преку оваа активност центрите на планските региони ќе бидат охрабрени да аплицираат за имплементација на мали приоритетни проекти избрани преку партиципативен пристап и утврдени од советите на планските региони. Секој плански регион ќе биде поддржан со секундарна набавка од 33.750 евра за спроведување на еден проект. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани над осум социјално ориентирани приоритетни проекти. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, ЦРПР |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| **Активност** | **54. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за испорака на локалните услуги од малите/руралните општини** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Преку оваа активност малите (до 20.000 жители), односно рурални општини (општини со седиште во село) ќе бидат поддржани да обезбедат широк спектар на услуги во согласност со нивните надлежности. Проектите ќе бидат поддржани преку повик за интерес. Генерално, проектите ќе треба да бидат инклузивни, иновативни во дизајнот на решенијата и да придонесат за одржлив развој на општините. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани проекти за локални услуги на 30 мали/рурални општини. |
| **Одговорна институција** | • МЛС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • ЕУ – ИПА/УНДП |

| **Активност** | **55. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за иновативни технологии за подобрување на транспарентноста, одговорноста и учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста ќе се заснова врз најновите достигнувања во развојот на иновативни решенија за: општинските процеси; зајакнување на улогата на советниците во општинското управување; подобра соработка со граѓаните; и воведување на ИКТ за намалување на трошоците и подобрување на ефикасноста. Иновативните решенија нема да се потпираат само на технологијата, туку и на поголемото учество на крајните корисници во концептуализацијата и дизајнот на развојните решенија, со цел да се обезбеди јавните услуги да бидат поефикасни и насочени кон потребите на граѓаните. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зајакната улога и ефикасност на општинските советници за концептуализација, имплементација и усвојување на иновативни одлуки според потребите на граѓаните. |
| **Одговорна институција** | • МЛС/МФ |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • СДЦ/УНДП |

| **Активност** | **56. Обезбедување на финансиска поддршка (ваучери) за зајакнување на конкурентноста на малите и средните претпријатија и основање на нови претпријатија** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста се реализира преку издавање на ваучери за користење на консултантски услуги на регионално/локално ниво, со што ќе се обезбеди зголемен број на: потенцијални претприемачи готови да започнат со имплементација на својот бизнис (регистрација на фирма, почнување на бизнис); нови работни места; новите фирми да се во состојба да преживеат во текот на критичните први години од постоењето; фирми способни да остварат повисоки стапки на развој; и консултанти на регионалниот/локалниот пазар на советување (консултантство). |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на потенцијални претприемачи и мали и средните претпријатија кои користат советодавни услуги за развој на бизнисот. |
| **Одговорна институција** | • АППРМ |
| **Вклучени институции** | • Регионални центри за поддршка на малите и средните претпријатија |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **57. Промовирање на рамковната програма на ЕУ за истражување и иновации** |
|---|---|

| | „Хоризонт 2020“ |
|---|---|
| **Краток опис** | • Главна цел на активноста е да ја промовира програмата „Хоризонт 2020“, финансиски инструмент на ЕУ со кој се поддржуваат истражувањето и иновациите, со крајна цел за економски раст, отворање нови работни места и конкурентност. Во рамките на активноста ќе се организираат инфо денови и ќе се обезбеди поддршка на сите фактори за успешно искористување на достапните грантови. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на ЕЛС корисници на средства од програмата „Хоризонт 2020“ |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **58. Зајакнување на капацитетите на малите и средни претпријатија (МСП) заради обезбедување на нивна поголема конкурентност** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Преку оваа активност ќе се организираат обуки за подигање на капацитетите на претприемачите и вработените во МСП за да си обезбедат поголема конкурентност на домашниот и на глобалните пазари. Се очекува тоа да придонесе за подобра соработката помеѓу претпријатијата и давателите на услуги. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен бројот на претприемачи и вработени кои се стекнале со нови знаења и вештини поврзани за обезбедување на поголема конкурентност на МСП. |
| **Одговорна институција** | • АППРМ |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **59. Зајакнување на капацитетите на наставниците и професорите за најновите претприемачки трендови** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се зголемуваат капацитетите на наставниците и професорите кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис, за најновите претприемачки трендови, проширување на нивните знаења и здобивање со нови вештини поврзани со претприемачкото учење. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен бројот на наставници и професори кои се стекнале со нови знаења и |

| | |
|---|---|
| | вештини поврзани со претприемачкото учење. |
| **Одговорна институција** | • АППРМ |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **60. Зајакнување на капацитетите на стартап фирмите преку менторство од искусни претприемачи** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на оваа активност е да се охрабрат новите претприемачи да не се откажуваат во првите години од постоењето на нивните бизниси, како и да им се подигнат свеста и самодовербата при менаџирање на претпријатието. Во рамките на активноста ќе се организираат работилници на кои искусни претприемачи ќе го презентираат своето искуство во соочувањето со предизвиците од моментот кога го отвориле својот бизнис до моментот кога тој станува самоодржлив. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен бројот на нови претприемачи кои се здобиле со знаења за менаџирање на претпријатието од искусни ментори. |
| **Одговорна институција** | • АППРМ |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **61. Подигање на свеста на жените и младите луѓе за претприемништвото и отворањето сопствен бизнис** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се организираат обуки за подигање на свеста на жените и младите луѓе за нивно вклучување на пазарот на трудот преку отворање сопствен бизнис. Се очекува обуките да обезбедат информации за отворените можности што ги нуди претприемништвото и да го поттикнат развојот на претприемачкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис. Обуките ќе бидат организирани на ниво на плански региони. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен бројот на претпријатија чии основачи се жени и млади луѓе. |
| **Одговорна институција** | • АППРМ |
| **Вклучени институции** | • / |

| | |
|---|---|
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **62. Обезбедување на финансиска поддршка (субвенции) за микро, мали и средни претпријатија** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на оваа активност е да се забрза локалниот економски развој преку субвенционирање на микро, малите и средните претпријатија кои вработуваат над три лица преку кофинансирање до 70 % од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000,00 денари. Ќе се кофинансираат: набавката на опрема и алати; дизајнот на производ и изработка на визуелен идентитет на производот/услугата (веб-страница, дизајнот на логотип, рекламен материјал; учеството на домашни саеми). |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на микро, мали и средни претпријатија кои користат субвенции за развој и промоција. |
| **Одговорна институција** | • МЕ |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **63. Обезбедување на финансиска поддршка за мали и средни претпријатија (МСП) за користење на консултантски услуги** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се поддржат консултантски услуги за решавање на „тесните грла“ во производниот процес и подготовка на апликации и проекти за развој на МСП. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на МСП кои користат консултантски услуги за решавање на „тесните грла“ и подготовка на апликации и проекти за развој. |
| **Одговорна институција** | • МЕ |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **64. Обезбедување на финансиска поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачката индустрија** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се субвенционира дел од трошоците за развој на деловните субјекти од преработувачката индустрија, развој на пазарот и развој на производите. |

| | |
|---|---|
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на деловни субјекти од преработувачката индустрија кои инвестираат во развој. |
| **Одговорна институција** | • МЕ |
| **Вклучени институции** | • / |
| **Временска рамка** | • 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **65. Планирање, основање, изградба и развој на технолошки индустриски развојни зони** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на активноста е да се забрза економскиот развој преку привлекување и поттикнување на странски и домашни директни инвестиции во технолошките индустриски развојни зони (во Скопје 1, 2 и 3, Тетово, Берово, Делчево, Гевгелија, Кичево, Прилеп, Штип, Радовиш, Струга, Струмица, Виница, Куманово и Липково). Се очекува активноста да придонесе за намалување на невработеноста, имплементирање и развој на нови технологии и зголемување на конкурентноста на РМ преку зголемување на извозот на конкурентни производи. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на вработени на работни места поврзани со нови технологии. |
| **Одговорна институција** | • ДТИРЗ |
| **Вклучени институции** | • МТВ, МЕ, МВР, МЗШВ, МЖСПП, МЗ, АППРМ, АКН, АВРМ, ЈПДП, МФ – УЈП, МФ – ЦУ |
| **Временска рамка** | • 2017 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

## Приоритетна оска III:
## Инклузивниот раст преку подобрување на квалитетот на живот

| **Активност** | **66. Воспоставување на веб-портал „Опсерваторија на вештини“** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон поставување и оперативно функционирање на јавен веб-портал достапен до пошироката јавност (ученици, студенти, родители), на кој ќе се прикажуваат информации за средното и високото образование и информации за вработливоста на завршените ученици и студенти. Порталот ќе овозможи директно поврзување на потребите на пазарот на трудот со образовните програми, посебно во средните стручни училишта и факултетите во насока на нивна компатибилност и |

| | |
|---|---|
| | конкурентност во делот за полесно обезбедување на работни места кај младите. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставен веб-портал за информирање на пошироката јавност и особено на младите за слободните работни места. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • МТСП, АВРМ, сите средни училишта, универзитети |
| **Временска рамка** | • 2018 |
| **Финансирање** | • СБ |

| **Активност** | **67. Модернизација на средното техничко стручно образование и обука** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се зајакнат социјалната кохезија и инклузија, преку зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука, неговиот квалитет и релевантност, како гаранција за конкурентноста и воспоставувањето ресурси и капацитети, а ќе се зголемат и одговорностите на идниот систем за стручно образование и обука. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставени услови (ресурси, капацитети и одговорности) за модернизација на стручното образование и обука. |
| **Одговорна институција** | • ЈУЦСОО |
| **Вклучени институции** | • МОН – БРО, општински средни стручни училишта, средни стручни училишта на Град Скопје |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • СБ |

| **Активност** | **68. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за модернизација на средното техничко стручно образование и обука** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на активноста е подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование. Со нејзината примена се очекува: да се зголеми квалитетот на практична обука преку *обезбедување на финансиска поддршка за* имплементација на различни модели на вклучување како на стручните училишта така и на претпријатијата во практичната обука, при што на крајот на пробниот период ќе бидат идентификувани најуспешните модели на практична обука; и да се зголеми бројот на ученици во средните стручни училишта кои ќе имаат корист од практичната обука која ќе биде обезбедена или организирана во мали, средни или големи претпријатија. Целосна реформа во стручното образование ќе се спроведе од учебната 2019/2020 година, врз |

| | |
|---|---|
| | основа на резултатите од спроведувањето на нови наставни програми во шест пилот-училишта. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен бројот на ученици во средните стручни училишта кои користат практична обука во претпријатијата. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС, средни стручни училишта |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • СБ |

| **Активност** | **69. Поттикнување на соработката помеѓу општинските средни стручни училишта и работодавците** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се организираат средби меѓу средните стручни училишта и работодавците на ниво на општина, во насока на интензивирање и оперативно зајакнување на соработката меѓу нив и за усогласување на работата на општинските средни стручни училишта со потребите на работодавците. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Утврдени програми за средното стручно образование усогласени со потребите на пазарот на трудот. |
| **Одговорна институција** | • ЈУЦСОО |
| **Вклучени институции** | • МОН – БРО, општински средни стручни училишта, средни стручни училишта на Градот Скопје |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **70. Поддршка за стекнување на средно стручно образование на возрасните лица** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со активноста ќе се овозможи возрасните да стекнуваат диплома од стручните профили како би можеле да најдат работа или да го задржат работното место. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на возрасни лица оспособени за работа согласно со потребите на пазарот на трудот. |
| **Одговорна институција** | • ЈУЦОВ |
| **Вклучени институции** | • Општински средни стручни училишта, средни стручни училишта на Град Скопје |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| Активност | 71. Поттикнување на развојот на неформалното образование на возрасните лица |
|---|---|
| Краток опис | • Со активноста ќе се поддржи верификацијата на програми за неформално образование кои водат до квалификација или дел од квалификација, во согласност со потребите на пазарот на трудот. |
| Очекуван/и резултат/и | • Зголемен број на возрасни лица оспособени за работа согласно со потребите на пазарот на трудот. |
| Одговорна институција | • ЈУЦОВ |
| Вклучени институции | • / |
| Временска рамка | • 2018 – 2020 |
| Финансирање | • Буџет на РМ<br>• Буџет на понудувачи на услуги |

| Активност | 72. Реализација на програма за работно ангажирање: „Општинско-корисна работа“ |
|---|---|
| Краток опис | • Активноста е насочена кон социјално вклучување на потешко вработливите лица преку стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазарот на трудот (за задоволување на потребите од одделни социјални услуги на локално ниво и проекти од инфраструктура и заштита на животната средина на локално ниво). Невработените лица ќе бидат ангажирани со скратено работно време (20 работни часа неделно) во период од шест месеци, со што ќе се стекнуваат со работно искуство и професионални вештини кои во иднина ќе ја зголемат нивната вработливост. |
| Очекуван/и резултат/и | • Зголемен број на потешко вработливите лица вклучени на пазарот на трудот. |
| Одговорна институција | • АВРМ |
| Вклучени институции | МТСП, МОН, Град Скопје, ЕЛС |
| Временска рамка | • 2018 – 2020 |
| Финансирање | • Буџет на РМ |

| Активност | 73. Реализација на програма за работно ангажирање: „Јавни работи“ |
|---|---|
| Краток опис | • Активноста е насочена кон вклучување на невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктурата и заштитата на животната средина на локално ниво. |
| Очекуван/и резултат/и | • Зголемен број на невработени лица со ниски квалификации вклучени на пазарот на трудот. |
| Одговорна институција | • АВРМ |

| | |
|---|---|
| **Вклучени институции** | МТСП, ЕЛС, Град Скопје |
| **Временска рамка** | • 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **74. Развивање на форми и поттикнување на вклученоста и соработката на локално ниво за надминување на социјалните ризици на ранливите категории** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Во рамките на реформата на системот за социјална заштита се предвидува разгледување на прашањето за воспоставување на локални совети за социјална заштита. Преку нив ќе треба да се обезбеди: вклучување, соработка и комуникација на институциите, НВО, хуманитарните организации, религиските институции, приватниот сектор во општините, во остварувањето на социјалните активности во локалната заедница; пореално согледување на потребите на граѓаните; носење и имплементација на локални програми од областа на социјалната заштита; зголемување на информираноста на граѓаните за нивните права од социјалната заштита и нивно остварување; развивање на знаења и вештини на одделни групи на население за справување со одредени социјални ризици итн. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Воспоставени локални совети за социјална заштита на локално ниво. |
| **Одговорна институција** | • МТСП |
| **Вклучени институции** | • ЦСР, Јавна установа Завод за социјални дејности – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **75. Поттикнување на мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Во рамките на реформирањето на системот за социјална заштита ќе се преиспита системот на парични давања од социјална заштита, со цел да се обезбеди правилно таргетирање и насочување на социјалните бенефиции кон лицата и семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Се планира услугите од социјална заштита да се редизајнираат како услуги кои се обезбедуваат во домот на корисникот и во заедницата. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Обезбедени услуги од социјална заштита во домот на корисниците и во заедницата. |

| | |
|---|---|
| **Одговорна институција** | • МТСП |
| **Вклучени институции** | • ЦСР, Јавна установа Завод за социјални дејности – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **76. Имплементација на националните акциски планови за вработување, домување, здравство и образование на Ромите** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014 – 2020 е документ за изедначување на степенот на вклученост и интеграција на Ромите во општествените текови и за зголемување на можностите за подобар живот. Преку акциските планови за нејзина имплементација ќе се:<br>✓ подобрат условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста на ромската заедница<br>✓ подигне нивото на образование на ромската заедница<br>✓ намали јазот во квалитетот на домување помеѓу ромската и неромските заедници<br>✓ подобри здравствениот статус на ромската заедница<br>✓ развијат и промовираат ромската култура, јазик и традиција. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на Роми вклучени во општествените текови и со зголемени можности за поквалитетен живот. |
| **Одговорна институција** | • МТСП |
| **Вклучени институции** | • МТВ, МОН, МЗ, ВРМ – Кабинет на министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Институт за социјална работа и социјална политика |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **77. Подигнување на јавната свест за различните аспекти на безбедност на сообраќајот на патиштата** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на активноста е да се зголеми безбедноста на сообраќајот на патиштата. Со активноста ќе се поддржи спроведувањето на кампањите за безбедност во сообраќајот – велосипедисти, мотоциклисти и пешаци: Со безбеден велосипед, безбедно во сообраќајот; Вози мотор, биди безбеден; Недела за безбедност на пешаците. |

| | |
|---|---|
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани кампањи за безбедност во сообраќајот на велосипедистите, мотоциклистите и пешаците. |
| **Одговорна институција** | • МВР/РСБСП |
| **Вклучени институции** | • МОН, МТСП, ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РСБСП |

| **Активност** | **78. Организирање на едукативни настани и дистрибуција на едукативни материјали за безбедноста во сообраќајот** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Целта на оваа активност е да се зајакне свеста за одредени апекти поврзани со безбедност во сообраќајот преку едукативни предавања, сообраќајно-едукативни трибини; едукативни материјали за безбедноста во сообраќајот, видеоматеријали, билборди и сл. Во рамките на активноста ќе бидат спроведени: Кампањата за млади учесници во сообраќајот; Кампањата за деца учесници во сообраќајот; Зимската кампања за безбедност во сообраќајот; Летната кампања за безбедност во сообраќајот. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани едукативни кампањи, настани и материјали за безбедност во сообраќајот на децата, младите и пошироката јавност. |
| **Одговорна институција** | • РСБСП |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2019 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РСБСП |

| **Активност** | **79. Спроведување на активности за омасовување на спортот** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Со оваа активност ќе се поддржува омасовување на спортот на локално ниво (училиштен, универзитетски и спорт за сите) и регионалното организирање на спортските клубови. Ќе се спроведат и промотивни кампањи за масовниот спорт и спортските активности и ќе се организираат спортски натпревари на национално и на локално ниво. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Зголемен број на ученици, студенти и граѓани кои спортуваат. |
| **Одговорна институција** | • АМС |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |

| | |
|---|---|
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **80. Обезбедување на финансиска поддршка за изградба на основни училишта** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон подобрување на инфраструктурата на основните училишта преку продолжување на започнати градби и започнување на нови изградби, доградби и надградби на училишни објекти (основни училишта). Притоа се имаат предвид реформите во основното образование, целосната имплементација на деветолетката, како и исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани инвестиции во одржлива инфраструктура за основното образование. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **81. Обезбедување на финансиска поддршка за реконструкцијата на основни училишта** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон подобрување на инфраструктурата на основните училишта преку реконструкција на постојната мрежа на основните училишта, со цел да се подобрат условите за изведување на наставата и да се создадат еднакви можности за следење на наставата на сите ученици. Притоа се имаат предвид реформите во основното образование, целосна имплементација на деветолетката, како и исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани инвестиции во одржлива инфраструктура за основното образование. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2019 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **82. Обезбедување на финансиска поддршка за изградба на училишни спортски сали во основните училишта** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон подобрување на инфраструктурата на основните училишта преку изградба на училишни спортски сали во основните училишта и создавање на услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности, во насока на |

| | |
|---|---|
| | посветување на поголемо внимание на здравјето на идните млади генерации. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани инвестиции во одржлива инфраструктура за спорт во основните училишта. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **83. Обезбедување на финансиска поддршка за изградба на средните училишта** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон подобрување на инфраструктурата на средните училишта преку изградба на нови, имајќи ги предвид реформите во средното образование во насока на исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата, како и имплементација на задолжителното средно образование, преку создавање на еднакви можности за следење на наставата за сите ученици. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани инвестиции во одржлива инфраструктура за средното образование. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **84. Обезбедување на финансиска поддршка за реконструкција на средните училишта** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон подобрување на инфраструктурата на средните училишта преку реконструкција на постојната мрежа на средните училишта, притоа имајќи ги предвид реформите во средното образование во насока на исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата, како и имплементација на задолжителното средно образование преку создавање на еднакви можности за следење на наставата за сите ученици. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани инвестиции во одржлива инфраструктура за средното образование. |
| **Одговорна институција** | • МОН |
| **Вклучени институции** | • ЕЛС |
| **Временска рамка** | • 2018 – 2020 |

| | |
|---|---|
| **Финансирање** | • Буџет на РМ |

| **Активност** | **85. Обезбедување на финансиска поддршка за изградба на училишни спортски сали во средните училишта** |
|---|---|
| **Краток опис** | • Активноста е насочена кон подобрување на инфраструктурата на средните училишта преку изградба на училишни спортски сали во нив, заради создавање на услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности, во насока на посветување на поголемо внимание на здравјето на младите генерации. |
| **Очекуван/и резултат/и** | • Реализирани инвестиции во одржлива инфраструктура за спорт во средните училишта. |
